[redacted]

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 08-29/1
13.01.2021 год.
СКОПЈЕ

**ПРЕДМЕТ: Одговор по Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го доби Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер од 21.12.2021 година, во кое што од Комисијата барате да ви ја даде следната информација од јавен карактер:

***1.Колку постапки за спречување и заштита од дискриминација имате покренато по службена должност во период од 01 октомври-20 декември 2021 година и по кои основи?***

Врз основа на Вашето барање, Ве информираме дека Комисијата во наведениот период има покренато една постапка за спречување и заштита од дискриминација по службена должност по основ на попреченост.

***2. Колку претставки имате примено во период од 01 октомври-20 декември 2021 и по кои основи?***

Врз основа на Вашето барање, Ве информираме дека во наведениот период до Комисијата се доставени вкупно 34 претставки по следните основи: 12 етничка припадност, 11 пол, 10 припадност на маргинализирана група, 9 сексуална ориентација, 8 личен и општествен статус, 8 родов идентитет, 3 род, 3 образование, 3 политичко уверување, 2 попреченост, 2 семејна и брачна состојба, 2 возраст, 1 раса, 1 боја на кожа, 1 државјанство, 1 имотен статус, 1 религија или верско уверување, 1 друго( вакцинален статус) и во 1 предмет подносителот нема наведено основ на дискриминација.

***3.Колку мислења, препораки и заклучоци по претставки имате донесено во периодот од 01 октомври 20 декември?***

Врз основа на Вашето барање, Ве информираме дека во наведениот период Комисијата донела 21 мислења, од нив во 12 предмети утврдила постоење на дискриминација, во 9 предмети не утврдила дискриминација. Понатаму, Комисијата во наведениот период донела 1 заклучок и 3 решенија за отфрлање на предмети.

***4. Колку постапки траеле подолго од 60 дена согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација во период од 01 октомври-20 декември 2021 година?***

Врз основа на Вашето барање, Ве информираме дека во наведениот период шест претставки траеле повеќе од 60 дена согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

***5. Колку општи препораки во случај на дискриминација имате упатено согласно член 28 од ЗСЗД во периодот од 01 октомври-20 декември?***

Врз основа на Вашето барање, Ве информираме дека во наведениот период Комисијата согласно член 28 од ЗСЗД има упатено четири општи препораки до институциите за отстранување на системска дискриминација кон лицата со попреченост.

***6.Каков вид на соработки сте реализирале со други лица и институции во полето на заштитата од дискриминација во период од 01 октомври- 20 декември 2021 година?***

Врз основа на Вашето барање, Ве информираме дека соработката со органите надлежни за остварување на еднаквоста на локално, национално и меѓународно ниво претставува примарен интерес на Комисијата. Во тој контекст, во наведениот период Комисијата има потпишано неколку меморандуми за соработка и тоа: Меморандум за соработка со Агенцијата за заштита на личните податоци, Меморандум за соработка со Институтот за човекови права Скопје и Меморандум за соработка со Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје.

КСЗД оствари средба со претседателите на совети и со градоначалниците на Општина Кавадарци, Општина Битола, Општина Прилеп и Општина Кичево. На средбите се дискутираше за модели на соработка помеѓу Комисијата и општините во превенција и заштита од дискриминација на локално ниво.

Претседателката на КСЗД и Народниот правобранител Насер Зибери остварија средба на која што се дискутираше за тековни активности и идната соработка помеѓу двете независни институции. Средбата беше во организација на Компонента 4 “Зајакнување на заштитата на основните права и зајакнување на прифаќањето на алтернативни средства за притвор” од проектот “Поддршка на ЕУ за владеење на правото” финансиран од Европската Унија.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се вклучи и во кампањата 16 дена активизам организиран од Амбасадата на Обединето Кралство.

Членови на Комисијата во наведениот период учествуваа на регионална конференција на телата за еднаквост во Љубљана, Словенија и на Конференција на СЕ за проектот „Наративи спротивставени на говорот на омраза“ во Стразбур.

Комисијата учествуваше на онлајн конференција „Еднаквоста и недискриминацијата во напорите да се елиминира без државјанството“ во организација на ОХЦХР и УНХЦР.

Во наведениот период Комисијата учествуваше и на тркалезни маси, одржа консултативни состаноци на национални тела за човекови права и цивилен сектор, координативен состанок со Влада на РСМ, состанок со УНХЦР, даде повеќе изјави за медиуми итн.

***7. Колку конференции за медиуми имате одржано во периодот од 01 октомври 20 декември 2021 година?***

Врз основа на Вашето барање, Ве информираме дека во наведениот период Комисијата има одржано една Прес-конференција за обележување на 3 декември- Меѓународниот ден на лицата со попреченост. На оваа Пред- Конференција Комисијата објави четири општи препораки до институциите за отстранување на системска дискриминација кон лицата со попреченост, со цел унапредување и заштита на правата обезбедени со ратификацијата на конвенцијата на ОН за права на лицата со попреченост.

***8. Колку подзаконски акти имате донесено во период од 01 октомври-20 декември 2021 година?***

Врз основа на Вашето барање, ве информираме дека во наведениот период Комисијата ги донесе следните подзаконски акти:

1. Стратешки план 2021-2026 година,
2. Годишна програма за работа за 2022,
3. Деловник за работа на КЗСД,
4. Систематизација на работни места на КСЗД.

**9. Колку вработени имало во стручната служба во период од 01 октомври-20 декември 2021 година?**

Врз основа на Вашето барање, Ве информираме дека во наведениот период пет лица беа вработени во Комисијата.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Весна Бендевска

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk